ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2019 ГОДИНА НА
# БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Сметка на основен буџет - 637

01 2020 05 01/1

Скопје, март 2021 година

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 12 |
| Финансиски извештаи за 2018 и 2019 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 13 |
| Биланс на состојба | 14 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 15 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 16 - 18 |
| - Сметководствени политики | 18 - 21 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 21 - 26 |

Кратенки користени во извештајот:

Биро - Бирото за развој на образованието

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:11-228/8

Дата:19.03.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Бирото за развој на образованието за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Бирото за развој на образованието за 2019 година изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Бирото за развој на образованието - Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2005 година и изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за законското и наменското користење на средствата изразено е неповолно мислење.

Бидејќи од последната спроведена ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2019 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби, од кои како позначајни ги истакнуваме следните:

- бројот на непополнети работни места во однос на бројот на предвидени работни места во актите за организација и систематизација на работните места на Бирото е повисок од законски утврдениот процент;
- не се спроведуваат активностите на внатрешната ревизија;
- не е воспоставен информациски систем, кој е во надлежност на Бирото;
- не се издава научно-стручното списание „Образовни рефлексии";

- не се обезбедени имотни листови за сметководствено евидентирани објекти, како и евидентиран е објект за кој на Бирото му престанало правото на користење;
- при спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските не се во целост извршени постапките предвидени во законската регулатива;
- не е воспоставена материјална евиденција за книгите со кои располага Бирото.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, обелоденети се состојби кои се однесуваат на спроведени сметководствени корекции во текот на ревизијата, кои предизвикаа зголемување на активата и пасивата на финансискиот извештај на Бирото.

Во делот за Останати прашања истакнавме потреба надлежните органи да преземат активности за доуредување на законската и подзаконската регулатива, за јасно дефинирање на содржината, начинот на прибирање, внесување, користење и размена на информациите и податоците на информацискиот систем за предучилишното, основното, средното, специјалистичкото образование, образованието за ученици со посебни образовни потреби и образованието на возрасните, чие воспоставување е во надлежност на Бирото.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 13 до 15 заедно со ревизија на усогласеност на Бирото за развој на образованието, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Бирото за развој на образованието - Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2005 година и изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи, додека за законското и наменското користење на средствата изразено е неповолно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Зеќирија Хасипи, вршител на должност директор од 03.04.2018 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.10.2020 до 20.12.2020 година кај Бирото за развој на образованието за 2019 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Бирото за развој на образованието - Сметка за средства од Буџетот на РМ за 2005 година и изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за законското и наменското користење на средствата изразено е неповолно мислење.
Бидејќи од последната спроведена ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 25.12.2020 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 11-228/1 од 25.01.2021 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во текот на 2015 година, од страна на одговорното лице на Бирото донесени се акти за внатрешна организација и за систематизација на работните места, а во период од 2016 до 2019 година извршени се (11) единаесет измени на актот за систематизација. За наведените акти добиени се согласности од Министерството за информатичко општество и администрација.
Со извршениот увид и анализа на наведените акти констатиравме дека бројот на непополнети работни места на 31.12.2019 година изнесува 28% од бројот на

предвидени работни места, што не е во согласност со член 17, став 5 од Законот за вработените во јавниот сектор, во кој е уредено дека во актот за систематизација на работните места може да се систематизираат најмногу 10% повеќе работни места од работните места за кои се обезбедени финансиски средства за плата и надоместоци во буџетот на институцијата. Ваквата состојба влијае на соодветната распределба на работните места по организациони единици и нивната усогласеност со законската регулатива.
Имајќи ги предвид новите и зајакнати ингеренции на Бирото кои произлегуваат со донесување на нова законска регулатива[1] во 2019 година, Бирото со поддршка на Центарот за управување на промени и Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, во декември 2019 година има изготвено Извештај за спроведена функционална анализа[2], врз основа на кој се изготвени нови акти за организација и систематизација на работните места во Бирото. Извештајот и предлог актите се доставени до Министерството за информатичко општество и администрација, но до моментот на известување по извршената ревизија сеуште не е добиена согласност за истите.

Препорака:
Одговорното лице на Бирото да ги интензивира активности за обезбедување на согласност на новите акти за внатрешна организација и за систематизација на работните места од надлежната институција.

4.1.2. Во актите за внатрешна организација и систематизација на Бирото предвидено е одделение за внатрешна ревизија со три систематизирани работни места, од кои пополнето е само едно работно место. Имено, во текот на 2019 година вработено е лице на определено време, за извршување на работните задачи предвидени за работното место помлад соработник за ревизорски извештаи. Во текот на 2019 година, вработеното лице не ги врши предвидените работни задачи од областа на ревизијата, поради тоа што лицето нема посетувано обука за внатрешни ревизори, а одделението функционира без раководител во чија надлежност е организирањето, насочување и координирање на работата во одделението, пренесување на инструкции и спроведување на надлежностите за извршување на работата и давање совети за обезбедување на законските прописи. Ваквата состојба не е во согласност со член 24 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и не овозможува реализација на активностите на внатрешната ревизија во функција на давање поддршка на раководителот на субјектот, како и обезбедување независно, разумно и објективно уверување и совет со цел подобрување на работењето на субјектот и зголемување на

[1] Закон за основното образование „Службен весник на Република Северна Македонија" број 161/19 и 229/20; Закон за наставниците и стручните соработници во основите и средните училишта „Службен весник на Република Северна Македонија" број 161/19, 116/20 и 128/20
[2] Број 01-44/1 од 14.01.2020 година

ефективноста на системите на внатрешна контрола.

Препорака:
Одговорното лице на Бирото да преземе активности за соодветно екипирање на одделението за внатрешна ревизија или активностите од областа на внатрешната ревизија да ги уреди со договор за ангажирање на внатрешен ревизор од друг субјект од јавниот сектор.

4.1.3. Во член 14 од Законот за Бирото за развој на образованието[3], утврдена е обврска на Бирото за воспоставување информациски систем и база на податоци за предучилишното, основното, средното, специјалистичкото образование, образованието за ученици со посебни образовни потреби и образованието на возрасните. Со ревизијата утврдивме дека поради ограничени материјални и човечки ресурси, информацискиот систем сеуште не е воспоставен, а за реализација на одделни надлежности, Бирото води евиденции/бази кои содржат податоци потребни за реализација на истите (број на ученици во основно и средно образование, јазик на кој ја следат наставата, обуки на наставен кадар).

Имајќи ги предвид надлежностите на Бирото за развој и унапредување на воспитанието и образованието во државата, изработката и предлагањето на наставните програми за предучилишното, основното гимназиското и други видови на средно образование, професионалниот развој на воспитно-образовните кадри, потребата од вршење и организирање на истражувања во областа на образованието, како и други надлежности согласно Законот, не воспоставувањето на информациски систем влијае на можноста за размена и користење на информациите и податоците од страна на од надлежните институции, во насока на унапредување на квалитетот на образовниот систем во државата, како и на целосно и непречено постапување на Бирото согласно начелата на законитост, стручност, одговорност, ефикасност и транспарентност (детално образложено во точка 7.1. од Извештајот на овластениот државен ревизор).

Препорака:
Одговорното лице на Бирото да преземе мерки и активности за воспоставување информациски систем и база на податоци за предучилишното, основното, средното, специјалистичкото образование, образованието за ученици со посебни образовни потреби и образованието на возрасните.

4.1.4. Согласно утврдените надлежности во Законот за Бирото за развој на образованието, Бирото врши издавачка дејност поврзана со развојот на

[3] „Службен весник на Република Македонија" број 37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18

воспитно-образовната дејност. За доуредување на активностите поврзани со издавачката дејност, од страна на директорот на Бирото донесен е Правилник[4], со кој се уредува начинот и постапката за остварување на издавачката дејност на Бирото, како и начинот на утврдување на висината на авторските надоместоци за други услуги.

Согласно член 24-а од Правилникот, Бирото најмалку два пати годишно треба да издава научно-стручно списание „Образовни рефлексии“, со научни и стручни трудови од областа на образованието. Со ревизијата констатиравме дека од 2012 година наведеното списание не се подготвува и издава, што влијае на можноста резултатите од научните истражувања во областа на образованието да се претставаат на научната јавност, во насока на зголемување на транспарентноста за научните постигнувања во областа на образованието и нивна имплементација во образовниот систем во државата.

**Препорака:**

Одговорното лице на Бирото да преземе мерки и активности за издавање на списанието „Образовни рефлексии“ и за претставување на резултатите од научните истражувања во областа на образованието, на научната јавност.

4.1.5. Со извршениот увид во доставената документација за евидентираните градежни објекти, ревизијата ги констатира следните состојби:

- Бирото своите надлежности ги врши во објект за кој не располага со имотен лист со запишано право на користење (набавна вредност од 2.519 илјади денари). Од доставениот имотен лист[5] за земјиштето каде е лоциран објектот, утврдивме дека правото на сопственост е запишано на други корисници[6];
- евидентираните се објекти-зграда и барака во Скопје (набавна вредност од 4.772 илјади денари), кои Бирото не ги користи и не располага со имотен лист со запишано право на користење, поради тоа што со Нацрт записник[7] од 2008 година, Владата има донесено Заклучок за преотстапување за користење на објектите на Министерството за здравство, по што Бирото престанува со користење на истите.

Причината за ваквата евиденција е ненавремено постапување на надлежните органи за обезбедување на потребната документација за добивање на имотен лист, како доказ за сопственоста на Бирото. Горенаведените состојби не се во

[4] Правилник за издавачка дејност на Бирото за развој на образованието број 01-2839/1 од 16.04.2009 година

[5] Број 4989 од 07.10.2020 година

[6] Универзитет Св.„ Кирил и Методиј“ Скопје, Р.О. Машински факултет – Скопје, Р.О. Електротехнички факултет Скопје и Р.О. Технолошки факултет Скопје

[7] Нацрт записник број 19-17/15 од 22.09.2008 година од Петнаесеттата седница на Владата на Република Македонија

согласност со член 156 од Законот за катастар на недвижности, согласно кој имотниот лист е јавна исправа со која се докажува запишаното право на сопственост и други стварни права на недвижностите и влијае на располагањето со објектите, нивно чување и заштита, како и уредно и навремено извршување на обврските што произлегуваат од користење на истите.

Препорака:
Одговорното лице на Бирото во соработка со надлежните органи да преземе мерки и активности за утврдување на правото на користење и располагање со градежните објекти, како и обезбедување на имотни листови.

### 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Со извршениот увид во сметководствената евиденција и доставената документација од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2019 година, ревизијата утврди состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- во спроведувањето на пописот, како дел од пописните комисии ангажирани се службеници кои се дел од секторот задолжен за водењето на сметководството и деловните книги (раководител на секторот за финансиски прашања, сметководител, референт за пресметка на плати), што не е во согласност со член 30 од Правилникот;
- пописните листи на основни средства не содржат парични вредности, односно на истите се прикажан само натурални вредности на средствата, физички потврдени од пописната комисија со примена на бар код читач, според локација на истите, што не е во согласност со член 31 и член 31-а од Правилникот;
- не е изготвена пописната листа за недвижниот имот – градежните објекти, со податоци за потврдување на фактичката состојба за секој објект (квадратура, имотни листови, заедничко користење со друг субјект и слично) и нивна споредба со сметководствената состојба;
- не е извршено вредносно усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата, побарувањата и обврските утврдена со пописот, што не е во согласност со член 35 од Правилникот.

Наведените состојби имаат влијае на реалноста и објективноста на податоците искажани во Билансот на состојба на ден 31.12.2019 година.

Препорака:
Одговорното лице на Бирото, во координација со Комисијата за попис да преземат мерки и активности при спроведување на пописот во иднина:

- во пописните комисии да не се назначуваат лица кои вршат сметководствени и финансиски работи;
- пописните листи да ги содржат сите пропишани елементи;
- состојбата на градежните објекти да се потврдува со податоците од имотните листови;
- да се врши усогласување на фактичката со сметководствената состојбата на постојаните средства на начин кој ќе обезбеди точни вредносни показатели, согласно сметководствената евиденција.

4.2.2. Во сметководствената евиденција на Бирото евидентирани се книги во библиотека во износ од 3.306 илјади, за кои Бирото има воспоставено евиденција по вид и количина и по години на набавка. Констатиравме дека за истите не е воспоставена сметководствена евиденција со податоци за видот, количината, набавната, односно ревалоризираната вредност и други потребни податоци за истите, што не е во согласност со член 7 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Невоспоставената материјална евиденција на книгите, по вид, количина и вредност влијае на можноста за потврдување на вредноста на книгите прикажана во Билансот на состојба на 31.12.2019 година и нејзино усогласување со фактичката состојба.

Препорака:

Одговорното лице на Бирото да преземе активности за воспоставување на материјална евиденција за книгите со кои располага.

Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.1. и 4.2. кои се основ за изразување мислење се:

- бројот на непополнети работни места во однос на бројот на предвидени работни места во актите за организација и систематизација на работните места на Бирото не е усогласен со законски утврдениот процент;
- не спроведување на внатрешна ревизија;
- не воспоставен информациски систем, кој е во надлежност на Бирото;
- не издавање на научно-стручното списание „Образовни рефлексии“;
- евиденција на градежни објекти за кои не се обезбедени имотни листови или се без право на користење;
- не целосно спроведен попис на средствата, побарувањата и обврските.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Бирото за развој на образованието на ден 31 декември 2019 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.1 и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Бирото за развој на образованието, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во текот на ревизијата од страна на Бирото прифатени и спроведени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, кои предизвикаа зголемување на активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба на 31.12.2019 година за износ од 2.501 илјади денари. Корекциите се спроведени со налози за книжење број 00008/ДД/20 од 07.12.2020 година, број 00009/ДД/20 од 25.12.2020 година, 00010/ДД/20 од 25.12.2020 година и 00011/ДД/20 од 25.12.2020 година.

## 7. Останати прашања

7.1. За воспоставување и развивање на информативно-документациски систем во областа на образованието во член 14 став 1 алинеја 1 од Законот за Бирото за развој на образованието, утврдена е обврска на Бирото за воспоставување на информациски систем и база на податоци за предучилишното, основното, средното, специјалистичкото образование, образованието за ученици со посебни образовни потреби и образованието на возрасните.
Истакнуваме дека во законот не е јасно дефинирана содржината на податоците кои треба да бидат составен дел на информацискиот систем, начинот на негово водење, користење и размена на информациите меѓу надлежните институции, ниту е предвидено доуредување на Законот преку донесување на подзаконски акт, во насока на воспоставување на информациски систем, кој ќе обезбеди

интегриран пристап, генерирање и користење на потребните податоци и информации во областа на образовниот систем во државата.

Имајќи ја предвид значајноста на информацискиот систем за обезбедување на податоци во областа на образованието и неговиот придонес во унапредување на образовниот систем во државата, ревизијата укажува на потреба од преземање на активности за јасно дефинирање на неговата содржина, начинот на прибирање, внесување, користење и размена на информациите и податоците со надлежните институции, со цел да се даде придонес на развојот и унапредувањето на целокупната воспитно-образовна дејност во Републиката.

| Биро за развој на образованието | | | |
|---|---|---|---|
| Сметка на основен буџет (637) | | | |
| БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2019 година | | | |
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 91.502 | 98.864 |
| **Вкупно приходи** | | **91.502** | **98.864** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 67.358 | 63.392 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 18.707 | 22.763 |
| Субвенции и трансфери | 3.3. | 124 | 5.991 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **86.189** | **92.146** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 5.313 | 6.718 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **5.313** | **6.718** |
| **Вкупно расходи** | | **91.502** | **98.864** |

Биро за равој на образованието
Сметка на основен буџет (637)
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 6.710 | 7.423 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6.710** | **7.423** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | | 3.352 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | | 670 | 0 |
| Материјални средства | | 36.371 | 42.217 |
| **Вкупно постојани средства** | | **40.393** | **42.217** |
| **Вкупна актива** | | **47.103** | **49.640** |
| Пасива | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 573 | 1.991 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 6.137 | 5.432 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **6.710** | **7.423** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 40.393 | 42.217 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **40.393** | **42.217** |
| **Вкупна пасива** | | **47.103** | **49.640** |

| | | |
|---|---|---|
| Биро за развој на образованието | | |
| Сметка на основен буџет (637) | | |
| ПРЕГЛЕД | | |
| НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2019 ГОДИНА | | |
| | | во 000 денари |
| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
| | | |
| **Состојба 01.01.2019 година** | **42.217** | **42.217** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **6.555** | **6.555** |
| Набавки | 3.057 | **3.057** |
| Ревалоризација на капитални средства | 997 | **997** |
| Спроведени корекции во тек на ревизија | 2.501 | **2.501** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **8.379** | **8.379** |
| Отпис на капитални средства | | - |
| Амортизација | 7.778 | **7.778** |
| Ревалоризација на амортизација | 601 | **601** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2019 година** | **40.393** | **40.393** |